Врз основа член 20 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15,) и член 27 од Статутот на Општината Дебар ("Службен гласник на Општината" бр.14/03),

Советот на Општина Дебар на 32[та] седница одржана на ден 29.02.2016 год. донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕБАР ЗА 2016

Со програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација на територијата на Општина Дебар, се предвидува извршување на активности од областа на урбанистичкото планирање за определени простори.

Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација ги содржи следните елементи:

I. **Подрачјата на кое ќе се врши урбанистичкото планирање,**
II. **Изворите на финансирање,**
III. **Динамиката на извршување на програмата**

## I. -ПОДРАЧЈА НА КОЕ ЌЕ СЕ ВРШИ УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Во текот на 2016 година со Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација се предвидува да бидаат опфатени повеќе подрачја и локалитети во градот Дебар, населените места и локалитети вон населените места во Општината како што следи

| | Име на план- опфат | Површ. | износ |
|---|---|---|---|
| 1 | ГУП на град Дебар | 490 ха | 1.200.000,00 |
| 2 | ДУП за Блок 4 , населба Венец - 1 | 7,8 ха | 450.000,00 |
| 3 | ДУП за дел од Блок 9 и дел од Блок 2 со следните граници : – североисток ул, „ Здравко Чочковски " и ул. „ Петре Поповски " , југоисток ул. „Ибе Паликуќа ", и северозапад со улиците „Б. Единство " и „Велко Влаховиќ" | 4,3 ха | 320.000,00 |
| 4 | ДУП за дел од Блок 3 , локалитет „А„ , со граници на опфат: исток со ул. „8-ми Септември " и новопредвидената улица , југ со ул. „ 100 " , запад со ул. „ Бетон " и улица „ Велко Влаховиќ „ и во Север со ул. „Булевар Скопје „ и „ Атанасие Илиќ „ | 13.7 ха | 550.000,00 |
| 5 | ДУП за дел од блок 14 мв **„ ВЕНЕЦ-2 "** со следните граници: северозапад – ул. „Велко Влаховиќ " , североисток ул. „ 204 " ; југоисток со ул. „ 205 " и југозапад со ул. „ 208 " | 5,2 ха | 350.000,00 |
| 6 | ДУП за Блок 7 – Дебар со следните граници : – север ул. „ Џавит Уштеленца " , запад со ул. „ Зеќир Чанка " , југ со ул. „Атанасие Илиќ ", и во исток со ул. „Амди Леши " | 5,3 ха | 360.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | ДУП за Блок 8 – м.в. ,, Параспур ,, | 9,4 ха | 500.000,00 |
| 8 | ДУП за Блок 20 – Дебар м.в. ,, Трафостаница ,, | 13,7 ха | 550.000,00 |
| 9 | ДУП за дел од Блок 15 – Дебар со следните граници: север со улица ,,8-ми Септември ,,; северозапад со ул. ,, Јужна обиколница ,, ; југ со зона со намена Д2 и во исток-југоисток со Езерскиот пат . | 2,8 ха | 230.000,00 |
| 10 | ДУП дел од блок 12 локалитет ,, Венец - 1" со следните граници: североисток ул. ,, 8 Септември" северозапад ул.,, Јужна обиколница " југ со улица на ,, Интернат за средношколци " , запад ул. ,, М.К. Бригади " , југозапад ул. ,, Ленинова " и северозапад улица ,, Урфи Аголи " | 2,8 ха | 230.000,00 |
| 11 | ДУП за Блок 23 Населба Ново Коњаре | 22,8 ха | 750.000,00 |
| 12 | ДУП за Блок 17 **,, Крајбрежје на Дебарско езеро 2 ,,** | 27,0 ха | 880.000,00 |
| 13 | ДУП за Блок 28 - Населба Рајчица- Дебар | 18,24 | 600.000,00 |
| 14 | Измена и дополнување на ДУП за дел од БЛ.1 Градски пазар,: со следите граници: **со следните граници: југ –ул. "Јордан Зафировски", североисток ул. "Братсво Единство " и северозапад ул. "Амди Леши".** | 2 ха | 220.000,00 |
| 15 | ДУП дел од Блок 13 со следните граници: Југоисток со улица ,,205,, ; исток со улица ,, Пролетерска ,, ; север со улица ,,202,, и југ со улицата ,, Зија Мерсовски ,, | 3,2 ха | 280.000,00 |
| 16 | ДУП на град Дебар за дел од блок 27 – м.в. **,, ВАКОФ ,,** со следните граници: југозапад ул.,, 22-ри Декември ", северозапад со крак од ул.,, 22-ри Декември ", североисток со границата на градежнит опфат по ГУП и во југ со ул. ,, Ибраим Колари " | 12,5 ха | 520.000,00 |
| 17 | УП за село Могорче | 57 ха | 600.000,00 |
| 18 | УП за село Долно Косоврасти | 43 ха | 500.000,00 |
| 19 | УП за село Баниште | 22 ха | 550.000,00 |
| 20 | ЛУПД за викенд населба во село Рајчица | 6 ха | 420.000,00 |
| 21 | ЛУПД за дел од локалитет Тараник , КП. 4743, 4744 и 4745 КО Дебар вон градежен реон ( соларна енергија ) | 0,65 ха | 180.000,00 |
| 22 | Изработка на општи акти за населени места :<br>- Горно Косоврасти<br>- Рајчица<br>- Крифци<br>- Хаме<br>- Баниште<br>- Спас<br>- Селокуќи<br>- Шулан<br>- Цепиште<br>- Коњари<br>- Бомово<br>- Отишани и<br>- Гари | 320 ха | 600.000,00 |
| | | | 10.240.000,00 |

Урбанистички планови може да се изработуваат и за простори кои не се опфатени во оваа програма со измени и дополнувања на истата или со одлука на Советот на Општина Дебар..

## I I . ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

| | |
|---|---|
| -Буџет на општината .................................. | 3.000.000,00 ден. |
| -Владина програма на РМ............................................... | 1.300.000,00 ден. |
| -Правни и физички лица кои ја иницираат постапката и други извори ................................ | 5.940.000,00 ден |
| **Вкупно:** | **10.240.000,00 ден** |

## III. ДИНАМИКАТА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За начинот и динамиката на реализација на ова програма ќе се погрижи Градоначалникот на Општината. Динамиката на извршување на ова програма ќе се одвива во зависност од приливот на средствата во буџетот на Општината Дебар, потребното времетраење за обезбедување на ажурирани геодетски подлоги, како и заитересираноста и можноста за самофинансирање и кофинансирање од правни и физички лица кои се појавуваат како баратели односно иницијатори за изработка на Урбанистички планови.

**Бр.08-246/11**
**29.02.2016 година**
**Д е б а р**

**СОВЕТ НА ОПШТИНАТА**
**Претседател,**
**Башким Машкули**

REPUBLIKA E MAQEDONISË - REPUBLIKA MAKEDONIJA
СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕБАР - KËSHILLI I KOMUNËS DIBËR